РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Бр.-Nr. 10 - 604/2

07. 08 20 25 год.-viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Одговор на Барање бр. 10-604/1 од 6.8.2025 година, поднесено од Канал 5 Телевизија.

- Во тековната 2025 година, КСЗД има примено вкупно девет претставки за заштита од дискриминација врз основа на попреченост. Од нив, во два случаи Комисијата утврди дискриминација, и тоа:
  - Индиректна дискриминација кон ученик во основно училиште во Скопје (08-126-од-22.04.2025-утврдена.pdf)
  - Повеќекратна дискриминација од страна на ЈСП Скопје заради оневозможен пристап до услуги кон лицата со физичка попреченост и возрасните лица (08-56-од-10.04.2025-утврдена.pdf)

  Од останатите, во три случаи не се утврди дискриминација, една претставка е отфрлена заради ненадлежност, а за три претставки постапувањето е во тек.

- Покрај погоре споменатите два случаи на утврдена дискриминација, во 2025 година Комисијата утврди дискриминација врз основа на попреченост во уште три други случаи, одлучувајќи по претставки кои беа поднесени во минатата година, а чија постапка продолжи во тековната година, и тоа:
  - Директна дискриминација врз лицата со попреченост која произлегува од Законот за нотаријат и вознемирување на лице со попреченост во пристапот до нотарски услуги сторено од страна на нотар од Скопје (08-299-381-од-18.03.2025-утврдена.pdf)
  - Директна дискриминација врз лице со попреченост во пристапот до добра и услуги сторена од возач на такси компанија од Скопје (08-428-751-од-17.06.2025-утврдена.pdf
  - Индиректна дискриминација сторена врз лице кое се јави како подносител на претставката (студент со попреченост), како и врз другите студенти со попреченост запишани на јавни и приватни универзитети и на самостојните високи стручни школи во државата, сторена од страна на Министерството за образование и наука врз основа на попреченост во областа на образованието, науката и спортот, а која произлегува од одредбите на Законот за студентскиот стандард (08-47-708-06.05.2025.-утврдена.pdf)

Комисија за спречување и

заштита од дискриминација

Лимко Бејзароски

претседател